АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-4321/1
18.11.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2027 ГОДИНА

Содржина:

1. Вовед 4
2. Исполнување на законските и другите обврски од страна на субјектите што се предмет на регулација 5
   - 2.1. Радиодифузери 5
   - 2.2. Даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање 7
   - 2.3. Онлајн медиуми – интернет портали 8
   - 2.4. Печатени медиуми 8
   - 2.5. Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи 9
3. Заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите 10
4. Транспарентност на медиумската сопственост 10
5. Дозволи за телевизиско или радио емитување 11
6. Социјална инклузија 12
7. Медиумска писменост 12
8. Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите 13
9. Водење на регистри, евиденција и ажурирање 14
10. Анализи, студии и истражувања 15
11. Меѓународна соработка 16
12. Процес на европска интеграција 17
13. Транспарентност во работењето и комуникација со јавноста 18
14. Унапредување на институционалниот капацитет на Агенцијата 21
15. Внатрешна ревизија во Агенцијата 22

1. Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е независно регулаторно тело кое ги врши надлежностите утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Законот за медиуми. Нејзиното работење е насочено кон спроведување на законските обврски во медиумската сфера, заштита на интересите на публиката и создавање услови за развој на медиумските услуги, почитување на слободата на изразување и медиумски плурализам.

Со Нацрт-програмата за работа за 2027 година се утврдуваат целите што Агенцијата планира да ги оствари со своето работење, активностите што ќе ги преземе за остварување на планираните цели, периодите за нивна реализација и очекуваните резултати. Програмата ги поврзува законските обврски со целите од Стратешкиот план на Агенцијата за периодот 2024–2028 година, а нејзиното спроведување ќе се заснова на законитост, независност, транспарентност и отчетност.

За да се обезбеди повисок степен на исполнување на обврските што произлегуваат од законите, подзаконските и другите акти, Агенцијата ќе спроведува програмски, административни и стручни надзори, во зависност од видот на субјектот што е предмет на регулација и неговите обврски. Ќе продолжи да ја следи сопственичката структура на радиодифузерите, да постапува по известувањата за промени во сопственоста и да обезбедува јавно достапни податоци за медиумската сопственост. Во рамките на своите надлежности ќе доделува дозволи за телевизиско и радио емитување, ќе ги води и ажурира регистрите и ќе издава потврди за регистрација на програмски пакети. Активностите за социјална инклузија ќе опфатат следење на исполнувањето на обврските за пристапност на медиумските услуги за лицата со сетилна попреченост. За унапредување на медиумската писменост, Агенцијата ќе ја поддржува Мрежата за медиумска писменост, ќе ги организира Деновите на медиумска писменост 2027 и ќе спроведува активности за подигање на јавната свест. Ќе постапува и по претставки и предлози поврзани со медиумските содржини и ќе поттикнува дискусија за професионалните стандарди и родовите прашања во медиумите. Преку анализите на медиумскиот пазар и на структурата на вработените, студиите за оправданоста за доделување дозволи и анализите на претставувањето на жените и мажите во програмите, Агенцијата ќе обезбедува релевантни податоци за креирање регулаторни политики. Меѓународната соработка ќе продолжи преку учество во работата на регулаторните мрежи, размена на искуства и соработка со европските регулатори, ОБСЕ и Советот на Европа. Во 2027 година Агенцијата ќе го организира и 65-тиот состанок на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) во Скопје. Во процесот на европска интеграција ќе учествува во подготовката и спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и во работата на надлежните тела. Агенцијата ќе ја информира јавноста преку јавни состаноци, своите веб-страници и другите канали за комуникација. За унапредување на сопственото работење ќе спроведува проверки на системот за управување со квалитет и на безбедноста на информацискатa инфраструктура, како и внатрешни ревизии и следење на спроведувањето на ревизорските препораки.

2. Исполнување на законските и другите обврски од страна на субјектите што се предмет на регулација

За да се обезбеди повисок степен на почитување на обврските што произлегуваат од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Законот за медиуми, како и од подзаконските акти и другите акти на Агенцијата, во текот на 2027 година Агенцијата ќе спроведува надзор над субјектите што се предмет на регулација, и тоа со редовните надзори ќе се обезбеди континуирано следење на исполнувањето на обврските, а со вонредните и контролните надзори ќе се проверуваат можните повреди и постапувањето по изречените мерки. Со програмскиот надзор Агенцијата ќе го следи исполнувањето на програмските обврски на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Предмет на надзор ќе бидат програмите што ги емитуваат радиодифузерите, каталозите на услуги по барање и програмските пакети што ги реемитуваат операторите. Со административниот надзор Агенцијата ќе го проверува исполнувањето на обврските утврдени со ЗААВМУ и со Законот за медиуми за радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени и онлајн медиуми – интернет портали. Проверките ќе се спроведуваат според обврските што важат за секоја група субјекти и ќе опфатат, меѓу другото, објавување импресум, обезбедување јавност во работењето, водење евиденција за емитуваната програма и плаќање на пропишаните надоместоци. Редовните програмски и административни надзори ќе се спроведуваат според соодветните годишни планови за 2027 година. Вонреден надзор ќе се спроведува по иницијатива на државен орган, правно или физичко лице, или по службена должност кога Агенцијата има сомневање за повреда. Кога Агенцијата ќе изрече мерка јавна опомена, а по истекот на рокот утврден во мерката, со контролен надзор ќе провери дали субјектот постапил по неа.

2.1. Радиодифузери

Програмски надзори

При проверката на емитуваните телевизиски и радиопрограми, Агенцијата ќе го следи почитувањето на следните обврски:

- стандардите за човековите права и начелата за емитување програма;
- за заштита на малолетните лица;
- одредбите за поттикнување и заштита на културниот идентитет;
- правилата за емитување комерцијални комуникации;
- програмскиот концепт за кој е издадена дозволата за емитување;
- одредбите за настани со ексклузивни права на емитување и за правото на кратко известување; и
- други програмски обврски (емитување квизови и други програми во кои се ветуваат награди; минимално времетраење на дневното емитување; користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите; емитување игри на среќа; поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма итн).

Цел: Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за радио и телевизиско емитување, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Активности:

- **Програмски надзори врз програмите на радиодифузерите во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

Административни надзори

Во административниот надзор над работењето на телевизиите и радиостаниците, Агенцијата ќе го проверува исполнувањето на следните обврски:

- објавување импресум;
- обезбедување пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците;
- идентификација на програмски сервис;
- дневна евиденција на емитуваната програма;
- снимање на излезниот сигнал од програмата;
- доставување извештај за исполнување на програмскиот концепт;
- обезбедување јавност во работењето; и
- исполнување на минималните кадровски услови.

Административниот надзор во 2027 година ќе опфати и проверка дали радиодифузерите го платиле годишниот надоместок за дозволата за телевизиско или радио емитување. Кога ќе има потреба, Агенцијата ќе проверува и дали радиодифузерот го снима излезниот сигнал и дали прекинал со емитување програма подолго од 30 дена.

Цел: Зголемување на почитувањето на административните обврски на радиодифузерите што произлегуваат од Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти.

Активности:

- **Административни надзори врз работењето на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

Стручен надзор

Во 2027 година Агенцијата ќе врши стручен надзор по доделувањето нова дозвола за телевизиско или радио емитување. Стручен надзор ќе се врши и кога радиодифузер ќе ја промени локацијата на која ја произведува програмата или ќе го прошири постојниот простор со ново студио.

Цел: Исполнување на техничките услови за вршење на дејноста.

Активности:

- **Стручен надзор на радиодифузерите**

  Период на реализација: По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории
  Резултат: Записници од извршени стручни надзори

2.2. Даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

Програмски надзори

Надзорот врз каталозите на услуги видео по барање ќе го опфати почитувањето на следните програмски обврски:

- почитувањето на начелата за вршење на дејноста и посебните забрани;
- за заштита на малолетните лица и за заштита на нивните лични податоци;
- правилата за емитување европски аудиовизуелни дела;
- правилата за објавување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- одредбите за програмите со наградно учествување.

Цел: Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Активности:

- **Програмски надзори врз каталозите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

Административни надзори

При административниот надзор над давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, Агенцијата ќе го проверува исполнувањето на следните обврски:

- Одредбите за чување на програмите од каталогот и за испорачување на сигналот до соодветна локација;

- Обезбедувањето информации за корисниците;
- Правилата за обезбедување услуги по барање – регистрација и плаќање на надоместокот.
- Обврската за плаќање на годишниот надоместок за надзор кој го врши Агенцијата.

Цел: Зголемување на почитувањето на административните обврски од страна на аудиовизуелните медиумски услуги по барање.

Активности:

➢ **Административни надзори врз аудиовизуелните медиумски услуги по барање**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

2.3. Онлајн медиуми – интернет портали

Административни надзори

Кај издавачите на онлајн медиуми – интернет портали, административниот надзор ќе го опфати исполнувањето на следните обврски од Законот за медиуми:

- објавување импресум;
- заштита на малолетната публика;
- именување на одговорен уредник; и
- обезбедување јавност во работењето.

Цел: Исполнување на обврските на издавачите на онлајн медиумите – интернет портали.

Активности:

➢ **Административен надзор над работењето на издавачите на онлајн медиумите – интернет портали**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

2.4. Печатени медиуми

Административни надзори

При надзорот над работењето на издавачите на печатени медиуми Агенцијата ќе го проверува почитувањето на следните обврски утврдени со Законот за медиуми:

- објавување импресум;
- заштита на малолетната публика;

- именување на одговорен уредник; и
- обезбедување јавност во работењето.

Цел: Исполнување на обврските на издавачите на печатени медиуми.

Активности:

➢ **Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

2.5. Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Програмски надзори

При надзорот врз реемитуваните програмски пакети Агенцијата ќе проверува дали операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ги исполнуваат следните законски обврски:

- регистрирање на програмските сервиси што ги реемитуваат,
- заштита на малолетните лица,
- употреба на јазикот,
- реемитување на програмските сервиси на домашните радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерот има дозвола за емитување, и
- дополнителни обврски за нив утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Цел: Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Активности:

➢ **Програмски надзори врз програмските пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

Административни надзори

Со административниот надзор над операторите во 2027 година Агенцијата ќе проверува дали е платен годишниот надоместок за надзорот што го врши.

Цел: Зголемување на почитувањето на административните обврски од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

Активности:

- Административни надзори врз операторите

Период на реализација: Првата половина од годината
Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

3. Заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите

Во текот на 2027 година Агенцијата во континуитет ќе го следи почитувањето на законските одредби кои се однесуваат на ограничувањата за стекнување сопственост во радиодифузерите, посебните забрани за стекнување сопственост и спречувањето недозволена медиумска концентрација, за да спречи концентрација на медиумската сопственост кај мал број сопственици, како и концентрација на клучните медиумски активности (производство на содржини, емитување, дистрибуција и сл.) во рацете на една компанија или група.

Цел: Обезбедување плурализам на сопственоста на радиодифузерите.

Активности:

- **Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите**

Период на реализација: Во текот на целата година, по поднесени известувања
Резултат: Одлуки за одобрување или забрана за промена на сопственичка структура

- **Следење на сопственичката структура на радиодифузерите**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од спроведени административни надзори; поведени постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

4. Транспарентност на медиумската сопственост

Податоците за тоа кој ги поседува телевизиите, радиостаниците, печатените медиуми и онлајн медиумите – интернет портали ќе бидат достапни во посебен дел на веб-страницата на Агенцијата и редовно ќе се ажурираат. Агенцијата ќе подготви и извештај што ќе ја прикаже сопственичката структура на медиумите, промените во неа и случаите на утврдена недозволена медиумска концентрација кај радиодифузерите. Извештајот ќе се изработи согласно Препораката CM/Rec(2018)1 на Комитетот на министри од март 2018 година за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост.

Цел: Зголемена транспарентност на медиумската сопственост.

Активности:

- **Ажурирање на податоците за сопствениците на медиумите**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Ажурирани и јавно достапни податоци за сопственичката структура на медиумите во посебниот банер на веб-страницата на Агенцијата.

- **Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост**

  Период на реализација: Прва половина на 2027 година
  Резултат: Изработен извештај за медиумската сопственост

5. Дозволи за телевизиско или радио емитување

Агенцијата ќе доделува нови дозволи за телевизиско или радио емитување, со објавување јавен конкурс и без објавување јавен конкурс, во зависност од тоа како ќе се пренесува програмскиот сервис. Кога емитувањето користи ограничен ресурс, односно капацитет на дигитален терестријален мултиплекс или радиофреквенции, Агенцијата ќе објави јавен конкурс доколку претходно изработена студија ја потврди неговата оправданост. За емитување преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа или преку сателит, дозволата ќе се доделува без јавен конкурс, по уредно барање и ако барателот ги исполнува условите и обврските од ЗААВМУ и прописите донесени врз основа на него.

Цел: Зголемен квалитет на телевизиски и радио содржини коишто и се достапни на публиката, како и овозможување јавноста да има пристап до повеќе информации од различни извори.

Активности:

- **Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс**

  Период на реализација: По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна
  Резултат: Доделени дозволи за телевизиско или радио емитување.

- **Продолжување на дозволите за телевизиско и радиоемитување на радиодифузерите на кои во 2027 година им истекува рокот на важење.**

  Период на реализација: По поднесено барање – во текот на целата година.
  Резултат: Продолжени дозволи за телевизиско и радиоемитување на радиодифузери.

6. Социјална инклузија

Агенцијата ќе спроведува мониторинг врз давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за примената на Правилникот за пристапност до медиумските услуги, за да се констатира дали ја исполнуваат обврската континуирано и прогресивно да спроведуваат соодветни и пропорционални мерки за нивните услуги да бидат пристапни за лицата со попреченост.

Цел: Поголема пристапност до содржините на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост.

Активности:

- **Надзор над спроведувањето на обврската за достава на акциски планови за пристапност за 2027 година**

  Период на реализација: Во првата половина од годината
  Резултат: Извештај од извршен надзор

- **Надзор за почитувањето на акциските планови за пристапност за 2027 година**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Извештај/и од извршен надзор

- **Надзор над спроведувањето на обврската за достава на годишни извештаи/информации за пристапност за 2026 година**

  Период на реализација: Во првата половина од годината
  Резултат: Извештај од извршен надзор

7. Медиумска писменост

Во рамките на својата законска обврска да ја поттикнува медиумската писменост, Агенцијата и во 2027 година ќе соработува со членките на Мрежата за медиумска писменост и со други чинители од земјата и од странство. Агенцијата ќе ја поддржува работата на Мрежата, ќе ги организира Деновите на медиумска писменост и ќе спроведува активности за подигнување на јавната свест за значењето на медиумската писменост. Со овие активности ќе им помогне на граѓаните критички да ги оценуваат медиумските содржини и одговорно да ги користат медиумите.

Цел: Повисок степен на компетенции за медиумска писменост на граѓаните.

Активности:

- **Поддршка на Мрежата за медиумска писменост**

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Реализирани состаноци на Мрежата и спроведени проекти; уредување, ажурирање и одржување на веб сајтот и на профилите на социјалните медиуми на Мрежата; и координација на електронската комуникација во Мрежата

- **Организација на Денови на медиумска писменост 2027**

Период на реализација: Во втората половина на годината
Резултат: Одржани Денови на медиумска писменост 2027

- **Подигање на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост**

Период на реализација: Во текот на годината – по потреба
Резултат: Изработен пропаганден материјал и спроведени активности

8. Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите

Работата во оваа област ќе биде насочена кон медиумските професионалци и граѓаните, со цел подобро да ја разберат улогата на професионалните стандарди и начелата според кои медиумите ја вршат својата дејност.

Цел: Јакнење на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

Активности:

- **Одговори на претставки/предлози и други барања од заинтересирани физички или правни лица поврзани со медиумските содржини и информирање на засегнатите медиуми, како и редовно ажурирање на посебниот сегмент од веб страницата на Агенцијата посветен на ова прашање.**

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Доставени одговори и известувања до медиумите и подносителите на претставки/предлози и други барања и ажурирана веб страница

- **Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите**

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Одржан настан

9. Водење на регистри, евиденција и ажурирање

Во 2027 година Агенцијата ќе продолжи да ги води и ажурира регистрите што се во нејзина законска надлежност. Намената на регистрите и условите за упис се разликуваат според видот на субјектот:

- Регистарот на радиодифузери (телевизии и радиостаници) и Регистарот на печатени медиуми служат за евиденција. Во нив Агенцијата ќе ги внесува новите радиодифузери по доделувањето дозвола за емитување и ќе ги ажурира податоците за веќе евидентираните радиодифузери и печатени медиуми.
- Уписот во Регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, односно во Регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, е услов за вршење на соодветната дејност. Пред уписот Агенцијата ќе проверува дали поднесената пријава е комплетна и уредна.
- Уписот во Регистарот на онлајн медиуми – интернет портали е доброволен. Агенцијата ќе ги евидентира издавачите што ќе поднесат пријава откако ќе ја провери нејзината комплетност и уредност и ќе утврди дека се исполнети условите од член 5 од Законот за медиуми.

Активности:

- **Водење на регистрите - евидентирање на нови субјекти во регистрите, ажурирање на податоците во регистрите и бришење на субјектите што веќе не ги исполнуваат условите за упис во регистарот**

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Ажурирани регистри

Агенцијата ќе издава потврди за регистрација на програмски пакети во текот на 2027 година, откако ќе утврди дека пријавата на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа е уредна и комплетна.

Цел: Регистрација на програмските сервиси што ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, согласно членот 141 од ЗААВМУ и објавување на регистрираните програмски пакети на веб страницата на Агенцијата.

Активности:

- **Издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

  Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за регистрација на пакет програмски сервиси
  Резултат: Издадени потврди за регистрација на пакет програмски сервиси

10. Анализи, студии и истражувања

Аналитичката работа во 2027 година ќе опфати преглед на состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и посебна анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиите и радиостаниците. Агенцијата ќе продолжи да ги анализира родовите прашања и начинот на кој жените и мажите се прикажани и претставени во програмите на радиодифузерите, во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите. По потреба ќе се изработуваат и студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за дозволи за телевизиско или радио емитување.

Цел: Мапирање на состојбите во индустријата, обезбедување релевантни податоци кои ќе се користат при креирањето на политиките и при спроведување на законските надлежности, како и унапредување на постојната медиумска регулатива.

Активности:

- **Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2026 година**

  Период на реализација: Трет квартал од 2027 година
  Резултат: Изработена Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2026 година

- **Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2026 година**

  Период на реализација: Трет квартал од 2027 година
  Резултат: Изработена Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2026 година

- **Студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за телевизиско или радио емитување**

  Период на реализација: по потреба
  Резултат: Изработени Студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за телевизиско или радио емитување

- **Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите**

  Период на реализација: Во текот на 2027 година

  Резултат: Изработен извештај

11. Меѓународна соработка

Агенцијата ќе учествува во работата на меѓународните тела и мрежи за аудиовизуелни медиуми во кои е членка или има статус на набљудувач. Меѓу нив се Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA) и Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board). Агенцијата ќе ја развива и директната соработка со европските регулатори, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Советот на Европа. Ќе продолжи и со учество во Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации. Во јуни 2027 година во Скопје, Агенцијата ќе биде домаќин на 65-от состанок на ЕПРА.

Цел: Размена на информации, искуства и добри практики со регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиумски услуги во врска со спроведувањето на медиумското законодавство, како и учество на меѓународни настани и иницијативи насочени кон унапредување на слободата на изразување, слободата на медиумите и создавање поттикнувачко опкружување за нивно функционирање.

Активности:

- **Учество во работата и иницијативите на меѓународните асоцијации на регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиуми – Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board) и Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA) – како и присуство на конференции, форуми и други настани од меѓународен карактер поврзани со медиумската регулатива. Во рамките на овие активности ќе се унапредува меѓуинституционалната и билатералната соработка со европските регулатори, особено со оние од регионот.**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: размена и прибирање на знаења, искуства и информации за актуелни прашања од аудиовизуелната сфера, како и потпишување протоколи, меморандуми и други форми на институционална соработка.

- **Организирање на 65-от состанок на ЕПРА во Скопје**

  Период на реализација: Во првата половина од годината
  Резултат: Одржан состанок на кој ќе учествуваат претставници на медиумски регулаторни тела - членки на ЕПРА, експерти и гости, со цел размена на добри регулаторни практики, покренување дискусија за актуелни прашања во аудиовизуелната и онлајн-медиумската сфера, како и јакнење на меѓу институционалната соработка на европско ниво.

- **Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), како и со други меѓународни партнери и институции вклучени во набљудувањето на медиумското претставување за време на изборни процеси.**

  Период на реализација: Во текот на целата година

Резултат: обезбеден континуитет во примената на стандардите и препораките утврдени во документите на релевантните меѓународни организации поврзани со изборниот мониторинг.

- **Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Унапредени институционални капацитети преку учество на работилници, обуки и размена на искуства и информации за прашања од аудиовизуелната сфера.

- **Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: подготвен и доставен национален придонес кон извештајот за Универзалниот периодичен преглед, со што се обезбедува континуирана вклученост на Агенцијата во процесите на заштита и промоција на човековите права

12. Процес на европска интеграција

Придонесот на Агенцијата кон пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија ќе се остварува преку подготовката и спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како и преку учество во надлежните работни групи и други тела што работат на прашања од аудиовизуелната дејност. Агенцијата ќе ги следи можностите за финансирање преку Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА) и ќе ја разгледува нивната применливост.

Цел: Усогласување на домашната со европската аудиовизуелна легислатива

Активности:

- **Учество во процесот на подготовка и спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како и во работните групи формирани за следење на нејзината реализација.**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвен придонес кон подготовката на НПАА и доставени периодични извештаи за нејзината имплементација; реализирани состаноци во рамките на работните групи за поглавјата: 1. Политички критериуми; 3.7. Право на интелектуална сопственост; 3.8. Политика на конкуренција; 3.10. Информатичко општество и медиуми; и 3.23. Правосудство и фундаментални права

- **Подготовка на извештаи и информации од значење за процесот на пристапување кон Европската унија, како и учество во работните тела задолжени за водење дијалог со Европската комисија во областа на аудиовизуелните медиумски услуги.**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени извештаи како придонес кон Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија; обезбедено учество на претставници на Агенцијата во работните тела во рамките на процесот на европска интеграција меѓу Европската комисија и Република Северна Македонија – Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поткомитетот за правда и внатрешни работи и Работниот комитет за европска интеграција.

13. Транспарентност во работењето и комуникација со јавноста

На јавните состаноци во 2027 година Агенцијата редовно ќе ги информира јавноста и медиумите за сработеното. Презентациите и отворените дискусии на овие состаноци ќе овозможат да се разгледуваат и актуелни прашања од областа на аудиовизуелните медиумски услуги.

Агенцијата редовно ќе објавува и ажурира информации за медиумскиот сектор и за поширокатa јавност на официјалната веб-страница www.avmu.mk. Информациите ќе бидат достапни на македонски, албански и англиски јазик. На истите јазици редовно ќе се ажурираат и трите тематски веб-страници што ги администрира Агенцијата (www.rodotimediumite.mk, www.mediumskapismenost.mk и www.izborenkodeksonline.mk).

Агенцијата ќе ја одржува комуникацијата со медиумите преку соопштенија, прес-конференции, изјави и одговори на новинарски прашања. Ќе одговара и на прашањата што граѓаните ги испраќаат преку нејзиниот профил на Фејсбук. На профилот редовно ќе се објавуваат најави за седниците на Советот на Агенцијата, соопштенија, информации за билатерални и други средби и јавни состаноци, како и известувања за Деновите на медиумска писменост 2027 и за други настани.

На официјалниот канал на Агенцијата на Јутуб ќе бидат достапни снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и други релевантни активности. На истиот канал во живо ќе се пренесуваат јавните состаноци, седниците на Советот на Агенцијата и настаните во рамки на Деновите на медиумска писменост 2027.

Цел: Обезбедување поголема транспарентност во работењето на Агенцијата и унапредување на комуникацијата со јавноста.

Активности:

- **Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

  Период на реализација: Еднаш на секои три месеци
  Резултат: Обезбедена можност сите заинтересирани страни да се запознаат со реализираните активности на Агенцијата согласно Годишната програма за работа и да ги изразат нивните мислења и ставови по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, а особено за состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.

- **Комуникација со јавноста**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Испратени соопштенија до медиумите, одржани прес-конференции, дадени изјави за медиуми, одговори на новинарски прашања и на прашања од граѓани добиени во пораки на Фејсбук профилот на Агенцијата.

- **Ажурирање на веб страницата на Агенцијата „www.avmu.mk" на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница и достапни информации за сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата.

- **Ажурирање на веб страницата „www.rodotimediumite.mk" на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница со достапни анализи, видеа и други релевантни материјали поврзани со активностите на Агенцијата, како и на други институции, здруженија и организации кои се занимаваат со родови прашања.

- **Ажурирање на веб страницата „www.mediumskapismenost.mk" на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница со достапни анализи, видеа и други материјали поврзани со „Деновите на медиумска писменост 2027", активностите на Агенцијата, како и на други институции, здруженија и организации кои работат на унапредување на медиумската писменост кај сите граѓани.

- **Ажурирање на веб страницата „www.izborenkodeksonline.mk" на македонски, албански и англиски јазик**

  Период на реализација: По потреба
  Резултат: Ажурирана веб страница и достапни претставки и нивни одговори за непочитување на етичките начела и принципи пропишани во Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, релевантните закони и подзаконски акти кои се земаат предвид при постапувањето по претставките, ставови на Координативното тело и сл.

- **Ажурирање на Фејсбук и Инстаграм профилот на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми**

  Период на реализација: По потреба

Резултат: Објавени информации, пораки и видеа поврзани со Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми.

- **Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Поставени снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата на нејзиниот YouTube канал.

- **Ажурирање на содржините на Фејсбук профилот на Агенцијата**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Објавени содржини од билатерални и други средби, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата, најави за седниците на Советот на Агенцијата и за други активности на Агенцијата.

- **Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Одговор на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер и нивна објава на веб страницата на Агенцијата; ажурирана листа со информации од јавен карактер.

- **Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера**

Период на реализација: По потреба, во текот на целата година
Резултат: Отпечатени и дистрибуирани публикации, брошури, летоци и слично, до сите релевантни субјекти и граѓаните.

- **Постапување согласно Законот за заштита на укажувачите**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Обезбедување законска заштита на укажувачите од каков било вид на повреда на права, штетно дејствие, односно опасности од штетни дејствија поради извршено пријавување.

- **Постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Обезбедување заштита и остварување на правата и интересите на подносителите на претставката/предлогот, како и на јавните интереси утврдени со закон

14. Унапредување на институционалниот капацитет на Агенцијата

Агенцијата ќе продолжи да го применува системот за управување со квалитет во секојдневното работење. Со планираните активности ќе се обезбеди одржување на сертификатот за усогласеност со стандардот ISO 9001:2015.

Цел: Интерна проверка и разгледување на процедурите за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, континуирана усогласеност на работата на Агенцијата со овој стандард, зголемување на безбедноста на информациите, заштита на ИКТ системот и заштита на личните податоци во Агенцијата.

Активности:

- **Интерни проверки за усогласеност на работењето со стандардот ISO 9001:2015 и разгледување на постојните ISO процедури во Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на целата годината
  Резултат: Извештаи од интерните проверувачи и Кумулативен извештај од спроведени интерни проверки за работењето на Агенцијата согласно стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015

- **Активности во врска со надзорна проверка на сертификатот од страна на економски оператор кој е акредитирано сертификациско тело од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет ISO 9001:2015**

  Период на реализација: Втора половина од 2027 година
  Резултат: Одржување на стекнатиот сертификат со кој се потврдува дека Агенцијата го применува системот за менаџмент со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2015

- **Надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет порталите на Агенцијата**

  Период на реализација: Втора половина од 2027 година
  Резултат: Изработка на писмен извештај од надворешно стручно лице за безбедност на ИТ мрежа, со детали кои ги содржат сите можни пропусти, како и предлози за подобрување

15. Внатрешна ревизија во Агенцијата

Во 2027 година Службата за внатрешна ревизија ќе се насочи кон процесите што се утврдени како приоритетни во Стратегијата за внатрешна ревизија за периодот 2026–2028 година. Приоритетите се определени врз основа на проценката на ризикот. Покрај ревизијата на тие процеси, Службата ќе ги извршува и другите работи во своја надлежност.

Цел: Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за создавање, заштитување и одржување вредности, односно преку поединечни ангажмани внатрешната ревизија ја оценува соодветноста, ефикасноста и ефективноста на воспоставениот систем за внатрешни контроли и врз основа на релевантни докази обезбедува независно, објективно и соодветно ниво на разумно уверување дали постојните процеси за управување со ризик, контролите и управувањето со работењето се во функција на постигнувањето на целите на Агенцијата.

Активности:

- **Ревизија на процесот за спроведување на редовен годишен попис во Агенцијата**

  Период на реализација: Прв квартал

  Резултат: Конечен ревизорски извештај

- **Ревизија на процесот за архивско и канцелариско работење во Агенцијата**

  Период на реализација: Втор квартал

  Резултат: Конечен ревизорски извештај

- **Ревизија на процесот на вршење програмски надзор (мониторинг)**

  Период на реализација: Трет квартал

  Резултат: Конечен ревизорски извештај

- **Ревизија за следење на спроведувањето на препораките** (follow-up)

  Период на реализација: Четврт квартал

  Резултат: Конечен ревизорски извештај/ Ревизорски меморандум

- **Советодавен ангажман или ревизија на барање на раководството на Агенцијата**

  Период на реализација: Во текот на целата година

  Резултат: Конечен ревизорски извештај/ Ревизорски меморандум

- **Ажурирање на процедурата за „Подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија“** (ПК 9.1-1 од 2018 година)

Период на реализација: јули-август 2027 година

Резултат: Ажурирана процедура ПК 9.1-2 за „Подготовка на стратегија и годишен план за внатрешна ревизија"

- **Ажурирање на Стратегијата за внатрешна ревизија 2026-2028 (по потреба) и изготвување на Годишен план за внатрешна ревизија за 2028 година**

Период на реализација: ноември-декември 2027 година

Резултат: Ажурирана Стратегија за внатрешна ревизија за период 2026 до 2028 година и Годишен план на Службата за внатрешна ревизија за 2028 година

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски

Прилог бр.1

Преглед на планираните активности за 2027 година

Бр.	Активност	Надлежен сектор	Период на реализација
1	Програмски надзори врз програмите на радиодифузерите во согласност со Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)	Сектор за програмски работи	Во текот на целата година
2	Административни надзори врз работењето на радиодифузерите	Сектор за програмски работи, Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права и Сектор за финансии и логистика	Во текот на годината
3	Стручен надзор на радиодифузерите	Сектор за информатичка поддршка и општи работи	По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории
4	Програмски надзори врз каталозите на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година
5	Административни надзори врз аудиовизуелните медиумски услуги по барање	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права и Сектор за финансии и логистика	Во текот на целата година
6	Административен надзор над работењето на издавачите на онлајн медиумите – интернет портали	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година
7	Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година
8	Програмски надзори врз програмските пакети на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година
9	Административни надзори врз операторите	Сектор за финансии и логистика	Првата половина од годината
10	Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура на радиодифузерите	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година, по поднесени известувања

Бр.	Активност	Надлежен сектор	Период на реализација
11	Следење на сопственичката структура на радиодифузерите	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година
12	Ажурирање на податоците за сопствениците на медиумите	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на годината
13	Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Прва половина на 2027 година
14	Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс	Сектор за правни работи и јавни набавки во соработка со сите сектори	По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна
15	Продолжување на дозволите за телевизиско и радиоемитување на радиодифузерите на кои во 2027 година им истекува рокот на важење	Сектор за правни работи и јавни набавки	По поднесено барање – во текот на целата година
16	Надзор над спроведувањето на обврската за достава на акциски планови за пристапност за 2027 година	Сектор за програмски работи	Во првата половина од годината
17	Надзор за почитувањето на акциските планови за пристапност за 2027 година	Сектор за програмски работи и Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на годината
18	Надзор над спроведувањето на обврската за достава на годишни извештаи/информации за пристапност за 2026 година	Сектор за програмски работи и Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во првата половина од годината
19	Поддршка на Мрежата за медиумска писменост	Сектор за програмски работи	Во текот на годината
20	Организација на Денови на медиумска писменост 2027	Сектор за програмски работи	Во втората половина на годината
21	Подигање на свеста кај јавноста за значењето на медиумската писменост	Сектор за програмски работи	Во текот на годината – по потреба
22	Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите	Сектор за програмски работи	Во текот на годината

Бр.	Активност	Надлежен сектор	Период на реализација
23	Водење на регистрите - евидентирање на нови субјекти во регистрите, ажурирање на податоците во регистрите и бришење на субјектите што веќе не ги исполнуваат условите за упис во регистарот	Сектор за правни работи и јавни набавки (регистрите на телевизии и радија) и Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права (останатите регистри)	Во текот на годината
24	Издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Во текот на целата година, по доставени пријави за регистрација на пакет програмски сервиси
25	Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2026 година	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Трет квартал од 2027 година
26	Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2025 година	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	Трет квартал од 2027 година
27	Студии за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за телевизиско или радио емитување	Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права	по потреба
28	Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите	Сектор за програмски работи	Во текот на 2027 година
29	Учество во работата и иницијативите на меѓународните асоцијации на регулаторни тела од областа на аудиовизуелните медиуми – Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Европскиот одбор за медиумски услуги (Media Board) и Медитеранската мрежа на регулатори (MNRA) – како и присуство на конференции, форуми и други настани од меѓународен карактер поврзани со медиумската регулатива. Во рамките на овие активности ќе се унапредува меѓуинституционалната и билатералната соработка со европските регулатори, особено со оние од регионот.	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година

Бр.	Активност	Надлежен сектор	Период на реализација
30	Организирање на 65-от состанок на ЕПРА во Скопје	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во првата половина на годината
31	Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите, Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР), како и со други меѓународни партнери и институции вклучени во набљудувањето на медиумското претставување за време на изборни процеси.	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
32	Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
33	Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
34	Учество во процесот на подготовка и спроведување на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА), како и во работните групи формирани за следење на нејзината реализација.	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
35	Подготовка на извештаи и информации од значење за процесот на пристапување кон Европската унија, како и учество во работните тела задолжени за водење дијалог со Европската комисија во областа на аудиовизуелните медиумски услуги.	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
36	Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Еднаш на секои три месеци
37	Комуникација со јавноста	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
38	Ажурирање на веб страницата на Агенцијата „www.avmu.mk“ на македонски, албански и англиски јазик	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година

Бр.	Активност	Надлежен сектор	Период на реализација
39	Ажурирање на веб страницата „www.rodotimediumite.mk“ на македонски, албански и англиски јазик	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
40	Ажурирање на веб страницата „www.mediumskapismenost.mk“ на македонски, албански и англиски јазик	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
41	Ажурирање на веб страницата „www.izborenkodeksonline.mk“ на македонски, албански и англиски јазик	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	По потреба
42	Ажурирање на Фејсбук и Инстаграм профилот на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	По потреба
43	Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
44	Ажурирање на содржините на Фејсбук профилот на Агенцијата	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	Во текот на целата година
45	Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер	Сектор за правни работи и јавни набавки, во соработка со другите сектори	Во текот на целата година
46	Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера	Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот	По потреба, во текот на целата година
47	Постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози	Сектор за правни работи и јавни набавки	Во текот на целата година
48	Интерни проверки за усогласеност на работењето со стандардот ISO 9001:2015 и разгледување на постојните ISO процедури во Агенцијата	Интерни проверувачи во Агенцијата	Во текот на целата годината
49	Активности во врска со надзорна проверка на сертификатот од страна на економски оператор кој е акредитирано сертификациско тело од Институтот за Акредитација за сертификација на системите за квалитет ISO 9001:2015	Сите сектори	Втора половина од 2027 година

Бр.	Активност	Надлежен сектор	Период на реализација
50	Надворешна контрола за безбедност и издржливост на мрежата и интернет порталите на Агенцијата	Сектор за информатичка поддршка и општи работи	Втора половина од 2027 година
51	Ревизија на процесот за спроведување на редовен годишен попис во Агенцијата	Служба за внатрешна ревизија	Прв квартал од 2027 година
52	Ревизија на процесот за архивско и канцелариско работење во Агенцијата	Служба за внатрешна ревизија	Втор квартал од 2027 година
53	Ревизија на процесот на вршење програмски надзор (мониторинг)	Служба за внатрешна ревизија	Трет квартал од 2027 година
54	Ревизија за следење на спроведувањето на препораките (follow-up)	Служба за внатрешна ревизија	Четврт квартал од 2027 година
55	Советодавен ангажман или ревизија на барање на раководството на Агенцијата	Служба за внатрешна ревизија	Во текот на целата година
56	Ажурирање на процедурата за „Подготовка на стратешки и годишен план за внатрешна ревизија“ (ПК 9.1-1 од 2018 година)	Служба за внатрешна ревизија	јули-август 2027 година
57	Ажурирање на Стратегијата за внатрешна ревизија 2026-2028 (по потреба) и изготвување на Годишен план за внатрешна ревизија за 2028 година	Служба за внатрешна ревизија	ноември-декември 2027 година